# РЕФОРМАТОР

Здружение за медиумска и комуникациска култура и граѓански права

**Носител на проектот:** Реформатор
**Медиумски партнер:** 24 Вести

## ВО НАШЕ ИМЕ

**„Во наше име“** е ТВ проект на Здружението за медиумска и комуникациска култура и граѓански права „Реформатор“ и медиумскиот партнер „24 Вести“. Проектот е составен од шест ТВ прилози, кои би се емитувале во централниот дневник на медиумскиот партнер и има за цел преку веќе објавени приказни во медиумите да ги открие и отвори прашањата од јавен интерес и да зборува за принципите кои треба да се почитуваат при информирање на јавноста за овие проблеми, *а не биле испочитувани во конкретните случаи*. Прилозите ќе се однесуваат на по некои од следниве теми:

- Говор на омраза
- Заштита на лични податоци
- Нарушување на право на приватност
- Јавен интерес наспроти интерес на публиката
- Заштита и безбедност на децата и малолетниците на интернет
- Проверка на факти

Со отворањето на прашањата од јавен интерес ќе се стави во фокус и етичкиот кодекс на новинарите и нормативите под кои работат редакциите во кои се поткопува интегритетот на новинарите.
Основна цел на проектот е дефинирање на основните начела за работа на медиумите и новинарите како медиумски писмени професионалци: заштита на јавниот интерес, точност и вистинитост, непристрасност, интегритет и уредувачка независност. Потоа заштита на децата и малолените лица, да поставиме стандард за продукција на медиумска содржина во однос на јавниот интерес и да го подобриме разбирањето на публиката за прашања од јавен интерес, со што тие ќе станат одговорни конзументи на медиумската содржина и ќе ги поттикнеме да ги користат медиумите за решавање на проблемите од јавен интерес.

Инаку „Реформатор“ е здружение за медиумска и комуникациска култура и граѓански права, чија цел е развој на свеста за јавност низ образование за медиуми, поттикнување на развој на корисници кои со разбирање и критичка дистанца ги користат медиумските содржини и развој на медиумите и промоција на независното новинарство. Организацијата е ново формирана и соработува со голем број на медиумски професионалци од земјата и крајната цел е поттикнување на промени во општеството.

**Лице за контакт од организацијата:** Ана Арсеновска Зафирова, тел. 070 22 80 33 и е-маил ana.zafirova@gmail.com

**Лице за контакт од медиумот:** Младен Чадиковски, тел. 076 346 505 и е-маил mladencadik@yahoo.com